**ПреспаНет е мрежа од невладини организации** за заштита на Преспа: СПП од Агиос Германос, Грција кои се активни во регионот скоро три децении, МЕД од Скопје со подрачна канцеларија во Ресен е една од најстарите невладини организации во државата и ППНЕА, првата Албанска невладина организација за заштита на животната средина со седиште во Тирана, но со ангажман во Преспа уште од деведесеттите години од минатиот век, а од скоро и со локален координатор.

Трите невладини организации работат заедно на тригодишниот проект “Зајакнување на невладиниот сектор за заштита на природата во прекуграничниот преспански регион”, финансиран од фондациите Prespa Ohrid Nature Trust и Aage V. Jensen и со поддршка од EuroNatur. Проектот се стреми да ја зајакне прекуграничната соработка и заштитата во преспанскиот басен.

Design: Christos Tsoleridis (Oxhouse Design Studio)

PONT | PRESPA OHRID NATURE TRUST

euronatur

AAGE V. JENSEN CHARITY FOUNDATION

# ТАЈНИОТ ЖИВОТ НА ЦИЦАЧИТЕ ОД ПРЕСП

## *проучување и истражување*



Photo: SPP archive | T. Kastritis

prespaNET

A NETWORK OF ENVIROMENTAL NGOS FOR PRESPA

**ПреспаНет е мрежа од невладини организации** за заштита на Преспа: СПП од Агиос Германос, Грција кои се активни во регионот скоро три децении, МЕД од Скопје со подрачна канцеларија во Ресен е една од најстарите невладини организации во државата и ППНЕА, првата Албанска невладина организација за заштита на животната средина со седиште во Тирана, но со ангажман во Преспа уште од деведесеттите години од минатиот век, а од скоро и со локален координатор.

Трите невладини организации работат заедно на тригодишниот проект “Зајакнување на невладиниот сектор за заштита на природата во прекуграничниот преспански регион”, финансиран од фондациите Prespa Ohrid Nature Trust и Aage V. Jensen и со поддршка од EuroNatur. Проектот се стреми да ја зајакне прекуграничната соработка и заштитата во преспанскиот басен.

Design: Christos Tsoleridis (Oxhouse Design Studio)

PONT | PRESPA OHRID NATURE TRUST
euroNATUR
AAGE V. JENSEN CHARITY FOUNDATION



# *Тајниот живот на цицачите од Преспа – проучување и истражување*

prespaNET
A NETWORK OF ENVIROMENTAL NGOS FOR PRESPA

Photo: SPP archive | T. Kastritis

# Цицачите и луѓето

ЦИЦАЧИТЕ ЖИВЕАТ ВО НАШАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА, но најчесто се кријат од луѓето и остануваат незабележани движејќи се во доцните ноќни часови. Повеќето од нив се таинствени, но што би можеле да научиме за овие интересни суштества доколку имаме прозорец кон нивниот свет?



Photo: SPParchive | L. Nikolaou

Цицачите и луѓето во Преспа веќе со векови живеат едни покрај други, така што некои се составен дел од нашата култура и околина, како што се верверичките и ежовите, додека пак други, како дивите мачки или срните, се потаинствени. Некои цицачи можат да бидат ловени, додека пак други се заштитени поради нивната реткост и значајност. Комплицираниот однос со крупните ѕверови како што се мечките и волците се должи на привремените конфликти на човекот со овие животни, но и тие може да бидат привлечни за љубителите на природата и туристите кои уживаат во средби со трагите кои ги оставаат овие животни.

Сепак, цицачите најчесто живеат и дејствуваат во свет неповрзан со оној на луѓето. Тие играат значајни улоги во екосистемите и мрежите на исхрана. И тревопасните и месојадните цицачи разнесуваат семиња често на големи растојанија, помагајќи им на растенијата да освојат нови територии. Од друга страна пак, предаторите ги контролираат популациите на други цицачи, исхранувајќи се со старите, слаби и/или заболени животни. Крупните цицачи често делуваат како закрилни видови – доколку ги заштитиме нив и нивните живеалишта истовремено штитиме и многу други.

# Истражување на крупни sверови

**НАБЉУДУВАЊЕТО НА МНОГУ ВИДОВИ ЦИЦАЧИ НЕ Е ЕДНОСТАВНО,** делумно бидејќи ги избегнуваат луѓето, па така доколку сакаме да ги проучуваме мора да примениме различни научни методи. Стекнатото знаење може да се искористи за правилно управување на подрачјата каде живеат крупните sверови и луѓето, преку подобро разбирање на нивните потреби, односно на конфликтот меѓу луѓето и крупните sверови.



Photo: SPP archive | T. Kitsos

Од овие причини ПреспаНет партнерите спроведуваат неколку истражувања. Најпрвин, фото-замките ќе ни покажат каде и кои видови се присутни во Преспа, доколку ни се насмевне среќата можеби и ќе забележиме ретки видови како што е рисот. Фото-замките веќе не поврзаа со овој „таен“ свет преку неверојатен број на фотографии.

Во меѓувреме ја изучуваме и исхраната на мечките преку проучување на нивниот измет од различни локалитети и сезони. Во комбинација со генетски истражувања кои ќе ни дадат претстава за бројноста на мечките во Преспа, податоците за нивната исхрана ќе ни помогнат да ги разбереме навиките и движењата на мечката во текот на годината.

Дополнително, спроведуваме и прашалници за перцепцијата на луѓето во однос на штети предизвикани од крупните цицачи во сите три држави со што би добиле јасна претстава за целокупниот регион, особено местата каде овој проблем е најизразен.









Photos: PrespaNet Archive

# Учење и споделување

Важен дел од работата на ПреспаНет е охрабрувањето на што повеќе страни да земат учество во заштита, споделување на вештини и знаења. При истражувањата на крупни цицачи оствaруваме блиска соработка со волонтери и ренџерските служби на заштитените подрачја.

Партнерите имаат одржано обуки за работа со фото-замки и често ги придружуваат волонтерите и ренџерите при проверка на она што го снимиле камерите. Волонтерите и ренџерите значително допринесуваат и кон истражувањето на исхраната на мечката собирајќи измет низ целиот регион. Во меѓувреме студентите волонтери помагаат во процесот на анализирање на изметот, со што добиваат непроценливо теренско и лабораториско искуство и ги надополнуваат своите студии.

Photo: SPP archive | K. Trifon



**НИЗ СИТЕ ОВИЕ АКТИВНОСТИ**
ПреспаНет се стреми да дознае што повеќе за животот на цицачите во преспанскиот регион и да го примени знаењето во решавањето на забележаните конфликти помеѓу луѓето и крупните цицачи. Дополнително, партнерите ќе го споделат наученото, градејќи капацитети и споделувајќи вештини, истовремено промовирајќи ги убавината, угледот и вредноста на нашите диви соседи!